Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ОБУКА И ИСПИТ ЗА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, СРЕДНО УЧИЛИШТЕ, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

## Член 2

Рокот за полагање на испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, утврден во член 37 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), на кандидатите кои се стекнале со уверение за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и се продолжува по престанокот на траењето на вонредната состојба за онолку денови колку што траела вонредната состојба.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3976/1
12 мај 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Оливер Спасовски, с.р.